**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**www.iph.mk**
**Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ**
**Тел: 02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354**

**ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**

***ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И КОНТРОЛА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА***


# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **д е к е м в р и, 2022**



**Скопје, 24.01.2023**

Во текот на декември 2022 година, во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно **1.911** заболени лица од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од **92,4 на 100.000 жители**.

Вкупниот број на пријавени лица во месец декември е за 68,8% поголем во однос на претходниот месец ноември 2022 (n=1.133). Во однос на месец декември 2021 (n=380) се регистрира зголемување на пријавените лица од акутни заразни заболувања за 5 пати, додека во однос на аритметичката средина за петгодишниот период се регистрира намалување од 5,1% (n=2.014). *(Графикон 1)*

Во вкупниот број на заболени во 2022 година, регистрираните случаи во месец декември учествуваат со 25,6%. Кумулативниот број на пријавените во 2022 (n=7.478) е за 2,6 пати зголемен во однос на кумулативата за истиот период во 2021 година (n=2.903).

***<u>Графикон 1</u>. Број на пријавени лица со заразни болести по месеци во 2022 и аритметичка средина***




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Велес (n=632; 33,1%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Штип (n=27; 1,4%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ е регистрирана на територијата на ЦЈЗ Велес (I=336,8/100.000), а најниска е инциденца во ЦЈЗ Тетово (26,6/100.000). *(Графикон 2)*

***<u>Графикон 2</u>: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во декември, 2022***




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во месец декември учествуваат со 99,1% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 91,5/100.000 жители. *(Табела 1)*

***<u>Табела 1</u>: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во декември, 2022***

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| Овчи сипаници | 1610 | 77,8 |
| Ентероколитиси | 162 | 7,8 |
| Шуга | 30 | 1,4 |
| Инфективна мононуклеоза | 22 | 1,1 |
| Салмонелози | 8 | 0,4 |
| Скарлатина | 15 | 0,7 |
| Сифилис | 5 | 0,2 |
| Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации | 32 | 1,5 |
| Вирусен хепатитис Б | 7 | 0,3 |
| Вирусен хепатитис Ц | 2 | 0,1 |
| **Вкупно** | **1893** | **91,5** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (овчи сипаници и ентероколити), учествуваат со 92,7% во вкупниот број на заболени, а со 93,6% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец декември 2022 година.

Во текот на декември, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **овчи сипаници** со вкупно 1.610 пријавени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 84,2%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 85,1%.

Во однос на претходниот месец ноември 2022, се регистрира зголемување на бројот на пријавени од овчи сипаници за 86,3%, а во однос на месец декември 2021 се регистрира зголемување за 7,1 пати. Во однос на аритметичката средина се регистрира зголемување од 36,0%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2022, пријавените случаи во декември учествуваат со 33,8%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2022 година, овчи сипаници учествуваат со 63,6%.

Кумулативниот број на заболени од овчи сипаници во 2022 е за 6,2 пати поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2021.

На второ место по број на пријавени заболени во месец декември се **ентероколитите**, со 162 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 8,5%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања со 8,6%.

Во однос на претходниот месец ноември 2022, се регистрира намалување на бројот на заболени лица од ентероколити за 4,1%, а во однос на месец декември 2021 се регистрира зголемување од 2,1 пати. Во однос на аритметичката средина се регистрира намалување од 72,2%.

Во вкупниот број на пријавени ентероколити во 2022, бројот на заболените во декември учествуваат со 8,9%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2022 година, учеството на ентероколити е 24,3%.

Кумулативниот број на пријавени ентероколити во 2022 е зголемен за 27,8% во однос на кумулативата за истиот период во 2021 година.

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи во декември**, најголем број припаѓаат на **капкови заболувања** (n=1.649; 86,3%) *(Графикон 3),* со инциденца од 79,7/100.000. Од нив, најголем број, процент (n=1.610; 97,6%) и инциденца (I=77,8/100.000) чинат пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени 22 случаи на инфективна мононуклеоза (I=1,1/100.000), 15 случаи на скарлатина (I=0,7/100.000), и 2 случаи на заразни заушки.

Во месец декември пријавени се 204 случаи на заболени од групата на **цревни заболувања** (10,7%; I=9,9/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, процент (n=162; 79,4%) и инциденца (I=7,8/100.000), чинат пријавите за ентероколитиси. Дополнително се пријавени 32 случаи на бактериски алиментарни инфекции/ интоксикации (I=1,5/100.000), 8 случаи на салмонелоза и по еден случај на кампилобактериоза и вирусен хепатитис А.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 20 заболени лица (1,0%; I=1,0/100.000) *(Графикон 3)*, и тоа пријавени се 7 случаи на вирусен хепатитис Б, 6 случаи на хламидија, 5 случаи на сифилис и 2 случаи на вирусен хепатитис Ц. *(Табела 1 во Прилог).*

Во групата на **зоонози**, во месец декември се пријавени по 1 случај на ехинококоза и 1 случај на лајшманиоза.*(Графикон 3)*.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во декември се регистрирани 36 случаи (1,9%; I=1,7/100.000) (*Графикон 3*), од кои 30 случаи на шуга, по 2 случаи на вирусни хепатити, вируснен енцефалитис и бактериски менингитис.

***<u>Графикон 2</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во декември, 2022***



## *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец декември, пријавени се 3 случаи на ХИВ, не се пријавени лица со СИДА во месец декември.

Трите пријавени лица се од машки пол. Според местото на живеење едно лице е од Скопје, и по едно лице од Струга и Свети Николе. Лицата се на возраст од 30-44 години. Едно лице е хетеросексуалец, 1 лице припаѓа на групата МСМ, а за едно лице начинот на трансмисија е непознат. (*Табела 3 во Прилог*).

Во текот на месец декември не се регистрирани смртни случаи од ХИВ/СИДА.

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 31.12.2022), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2022, изнесува 586, и тоа:

- 123 лица починале, а
- 463 лица живее со ХИВ/СИДА.

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во декември 2022, регистрирани се 9 случаи, 7 случаи на вирусен хепатитис Б и 2 случаи на заразни заушки. (*Табела 2 во Прилог*).

Регистрираните случаи на вирусен хепатитис Б според возраста на заболените, не подлежат на имунизација согласно календарот за задолжителна имунизација во РСМ. Дијагнозата е потврдена лабораториски и клинички. Случаите на заразни заушки подлежат на имунизација според возраста, едното лице е имунизирано, другото не е имунизирано. Случаите се дијагностицирани клинички.

## СОСТОЈБАТА СО COVID-19 ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Институтот за јавно здравје подготвува дневно инфо за состојбата со COVID-19 во државата и неделна информација со епидемиолошки податоци кои се темелат на обработка на податоците пристигнати преку електронскиот систем за евиденција согласно пријавите од лабораториите и анкетите добиени од ЦЈЗ/ПЕ. Дневната информација, како и неделната информација се достапни на веб страната на Институтот за јавно здравје на РСМ https://www.iph.mk.

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 31.12.2022, пријавени се вкупно 345.857 потврдени случаи на COVID-19 (I=18.830,2/100.000) и 9.614 смртни случаи (Mt= 523,4/100.000).

## ГРИП/ ЗАБОЛУВАЊА ШТО ЛИЧАТ НА ГРИП

Согласно извештајот на Flu News Europe, активноста на грипот продолжува да се зголемува низ Европскиот регионот и покажа порана сезонска активност споредено со периодот пред COVID-19-пандемијата. Заклучно со 52-ра недела, во сезоната 2022-2023, земјите се соочуваат со мешана циркулација на вируси на грип. Се детектираат вирусите на грип тип А и Б, при што А/Н3 е доминантен во сентинел, а A/H1pdm09 во редовниот надзор.

Од почетокот на сезоната, заклучно со 52-ра недела, пријавени се вкупно 347 случаи (I=18,9/100.000) во Р.С. Македонија. Од нив, најголем број на заболени (n=84) се пријавени од Тетово, каде е регистрирана и највисока кумулативна месечна инциденца (402,5/100.000).

Во Вирусолошката лабораторија на ИЈЗ, од почетокот на сезоната, пристигнати се 3.486 материјали од здравствени установи од амбулантски и болнички пациенти. Од нив, регистрирани се 53 позитивни случаи, 42 случаи на Influenza A(H3), 10 случаи наInfluenza A несубтипизиран и 1 случај на Influenza A/H1.

## ЕПИДЕМИИ

Во текот на месец декември, до Институтот за јавно здравје пристигната е пријава за ***епидемија на заразна болест*** за Toxoinfectio alimentaris (причинител – непознат).

Епидемијата е пријавена на 28.12.2022, вкупно 20 студенти кои конзумирале храна во мензата на студентскиот дом "Пелагонија" имале знаци на труење. Лицата не биле хоспитализирани. ЦЈЗ Скопје во соработка со Агенција за Храна и Ветеринарство и Државен санитарен инспекторат извршиле увид, земени се материјали за анализа и соодветно се превземени санитарно-хигиенски и епидемиолошки мерки. Епидемијата е одјавена на 09.01.2022 година.

## СМРТНИ СЛУЧАИ

Во текот на декември **пријавен е еден смртен случај** од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)*.

Пријавеното починато лице со дијагноза акутен вирусен хепатит Б на 64 годишна возраст, од Штип, хоспитализирано и лекувано во Клиничка болница - Штип. Случајот е докажан лабараториски и клинички. Пациентот е починат во болнички услови во Клиничка болница - Штип на 14.12.2022.

## ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ

Во овој Билтен е даден приказ на евидентираните *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болет и резистенција на антибиотици,* пристигнати во ИЈЗ во текот на месец декември , 2022 година (n=895) (*Табела 4 во прилог*).

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на 10 ЦЈЗ и една ПЕ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=730; 81,6%). (*Табела 4 во Прилог)*.

Најчесто пријавени причинители во месец ноември се: *MRSA (n=294; 32,8%), Influenza A (n=75; 8,4%)* и *HPV (n=63; 7,0%).*

Во однос на пријавите за резистенција на антибиотици, покрај *MRSA*, листа на резистенција е добиена за *Escherichia coli ESBL, Klebsiella pneumoniae ESBL, Pseudomonas aeruginosa.*

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Битола и ЦЈЗ Кочани.

## БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

Во текот на месец ноември, ***пристигнати се 7 пријави*** за заразни заболувања кај странски државјани кои престојувале во Република Северна Македонија, и тоа 6 пријави за ентероколитис и една пријава за салмонелоза. Лицата според место на живеење се од Шведска, Косово, Труција и Белгија.

Во 2022 година, регистрирани се вкупно 48 пријава за акутни заразни заболувања кај странски државјани, 34 пријави на ентероколитис, 6 пријави за овчи сипаници, 3 алиментарни токсоинфекции, 3 пријави за салмонелоза и по една пријава за хепатитис Б и инфективна мононуклеоза.

***Кузмановска Г., Караџовски Ж., Ставридис К., Кочински Д., Ќирковиќ Колевска К., Трајковска И., Кенаноглу Б., Положани Е., Цветановска Ж., Столеска Илиоска Р., Исмани М. Чибишева Д., Биљали Е., Фејзула А.***